**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# СТОЧАРСКО ПРОИЗВОДСТВО

## - ИЗБОРНА -

**III ГОДИНА**

***ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНА СТРУКА***

***Техничар за фармерско производство***

**Скопје, 2007 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** СТОЧАРСКО ПРОИЗВОДСТВО

**1.2. Образовен профил и струка**

1.2.1. Образовен профил: техничар за фармерско производство

1.2.2. Струка: земјоделско - ветеринарна

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**

1.4.1. Трета

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**

1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа

1.5.2. Број на часови годишно: 72 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**

1.6.1. Изборен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот ***сточарско производство и изборна програма*** ученикот стекнува знаења и вештини и се оспособува:

- да го познава хемискиот состав на растителниот и животинскиот организам;
- да ги познава хранителните материи и нивната сварливост;
- да ја оценува хранителната вредност на крмивата;
- да ги препознава крмивата;
- да ги објаснува постапките за подготовка на храната пред хранење;
- да ги балансира крмните смески;
- да ги познава карактеристиките при исхрана на поважните видови и категории на домашни животни;
- да ја сфаќа потребата за планирање на крмната база;
- да развива позитивен став кон органското производство на здрава храна од анимално потекло.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на наставните содржини, односно за постигнување на поставените цели по предметот ***сточарско производство - изборна програма*** потребно е ученикот да поседува претходни знаења од наставните предмети: биологија, хемија и анатомија со физиологија на домашните животни од втора година, како и од предметите основи на земјоделие со ветеринарство и хигиена и здравствено воспитание од прва година.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Бр. на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ХРАНИТЕЛНИ МАТЕРИИ И НИВНА СВАРЛИВОСТ** | **12** | ***Ученикот:***<br>- да ги познава разликите во хемискиот состав на растителниот и животинскиоторганизам;<br>- да ја објаснува зависноста меѓу хемискиот состав на храната и карактеристиките на исхраната;<br>- да ги познава најважните хранителни материи во крмивата;<br>- да ја идентификува застапеноста на хранителните материи во крмива од различно потекло;<br>- да ја познава систематизацијата на крмивата според застапеноста на хранителните материи;<br>- да ги познава карактеристиките на храноварниот апарат кај преживари и непреживари;<br>- да го определува коефициентот на сварливост на крмивата;<br>- да ги познава факторите кои влијаат врз сварливоста на крмивата. | - Презентирање на наставни содржини со користење на: табла, слајдови и графофолии;<br>- водење насочена дискусија;<br>- организирање групна работа при што учениците ќе ги откриваат хранителните материи во крмивата и ќе ја утврдуваат нивната сварливост;<br>- организирање вежби за пресметување на сварливоста на крмивата;<br>- организирање посета на фабрика за сточна храна;<br>- користење и упатување на користење стручна литература. | - Сточарско производство<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3. КРМИВА** | **10** | - Да ја познава класификацијата на крмивата;<br>- да ги препознава поважните видови крмива;<br>- да ги објаснува карактеристиките на сочните и сувите кабасти крмива;<br>- да ги објаснува карактеристиките на зрнестите крмива;<br>- да ги објаснува карактеристиките на споредните производи од поважните индустрии;<br>- да ги објаснува карактеристиките на анималните, минералните и синтетичките крмива. | - Презентирање на наставни содржини со користење на колекција од крмива;<br>- користење на графофолии и видеозаписи;<br>- организирање групна работа при што учениците сами ќе ги идентификуваат крмивата;<br>- организирање посета на фарма и фабрика за сточна храна. | - Сточарско производство<br>- Практична настава |
| **2. ОЦЕНУВАЊЕ ХРАНИТЕЛНА ВРЕДНОСТ НА КРМИВА** | **6** | - Да го разбира поимот хранителна вредност;<br>- да ги определува хранителните единици: овесна, јачмена и скробна;<br>- да ги објаснува промените на енергијата од храна во животинското тело;<br>- да го познава биолошкото оценување на крмивата;<br>- да ја пресметува хранителната вредност на крмивата;<br>- да ги претвора хранителните вредности една во друга;<br>- да прави табели на крмива според нивната хранителна вредност. | - Презентирање на наставната содржина со користење на: табла, графофолии и ЦД;<br>- водиење насочена дискусија;<br>- организирање групна работа при што учениците ќе ја одредуваат хранителната вредност на крмивата;<br>- организирање вежби за пресметување и претворање на хранителните единици;<br>- организирање посета на силоси за сточна храна. | - Сточарско производство<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4. ПОДГОТОВКА НА ХРАНАТА ПРЕД ХРАНЕЊЕ** | **4** | - Да го сфаќа значењето на подготовката на храната пред хранењето;<br>- да ја објаснува врската меѓу подготовката и степенот на искористување на храната;<br>- да ги објаснува најважните постапки за подготовка на разни крмива. | - Презентирање наставни содржини со користење на слајдови, графофолии, колекција на крмива и видеозаписи;<br>- организирање вежби за подготовка на храна пред хранење;<br>- организирање посета на фарма и фабрика за сточна храна. | - Сточарско производство |
| **5. НОРМИРАНА ИСХРАНА НА ДОМАШНИТЕ ЖИВОТНИ** | **4** | - Да ја познава основата на нормираната исхрана: дневна норма и оброк;<br>- да прави разлика меѓу правилна и неправилна исхрана;<br>- да ја пресметува содржината и количината на дневниот оброк;<br>- да го објаснува преминот од еден на друг начин на исхрана;<br>- да го определува распоредот на исхраната. | - Презентирање на наставната содржина со користење на: табла, графофолии и ЦД;<br>- организирање групна работа при што учениците сами ќе ја одредуваат правилната исхрана;<br>- користење стручна литература. | - Практична настава |
| **6. ИСХРАНА НА ГОВЕДАТА** | **12** | - Да ги познава основните карактеристики на исхраната на говедата;<br>- да ја објаснува исхраната на поважните категории говеда: молзни крави, дојни телиња, подмладок после одбивање, стелни јуници, стелни крави, новоотелени | - Презентирање на наставната содржина со користење на: табла, графофолии, збирка од крмива и ЦД;<br>- организирање вежби за составување на нормативи и дажби за исхрана на | - Сточарско производство<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | крави, бикови, како и исхраната на гојните животни;<br>- да ги разликува начините на гоење: гоење на млади и возрасни говеда;<br>- да составува дажби за исхрана на поважни категории говеда. | одделни категории говеда;<br>- користење софтвер за подготовка на крмни смески за исхрана на говедата;<br>- организирање посета на говедарска фарма. | |
| **7. ИСХРАНА НА СВИЊИТЕ** | **6** | - Да ги познава основните карактеристики на исхраната на свињите;<br>- да ја објаснува исхраната на поважните категории свињи: приплодни маторици, нерези, дојни, одбиени и раноодбиени прасиња, назимки, како и за исхрана на гојните свињи;<br>- да ги разликува начините на гоење: гоење на свињи за месо, бекони и стари свињи;<br>- да составува дажби за исхрана на свињи. | - Презентирање на наставната содржина за исхрана на свињите;<br>- користење софтвер за подготовка на крмни смески за исхрана на свињите;<br>- организирање вежби за составување на нормативи и дажби за исхрана на одделни категории свињи;<br>- организирање посета на свињарска фарма. | - Сточарско производство<br>- Практична настава |
| **8. ИСХРАНА НА ОВЦИТЕ** | **4** | - Да ги познава основните карактеристики на исхраната на овците: летна и зимска исхрана;<br>- да ја објаснува исхраната на поважни категории овци: молзни, бремени, јагниња, како и за гоење на овците;<br>- да составува дажби за исхрана на овците. | - Оганизирање вежби за составување на нормативи и дажби за исхрана на одделни категории овци;<br>- организирање посета на овчарска фарма. | - Сточарско производство<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **9. ИСХРАНА НА ЖИВИНАТА** | **8** | - Да ги познава основните карактеристики на исхраната на живината;<br>- да ја објаснува исхраната на поважните категории живина: пилиња, кокошки несилки, бројлери, мисирки, гуски, пајки, бисерки и друга живина;<br>- да ги познава најновите сознанија за начинот на исхраната на живината;<br>- да составува рецепти за производство на крмни смески;<br>- да ги познава методите за оптимализација на крмните смески;<br>- да составува дажби за исхрана на живината. | - Презентирање на наставните содржини со користење на: табла, графофолии, збирка од крмива и ЦД;<br>- организирање вежби за составување на нормативи и дажби за исхрана на поважните категории живина;<br>- организирање посета на живинарска фарма и фабрика за сточна храна. | - Сточарско производство<br>- Практична настава |
| **10. ПЛАНИРАЊЕ НА КРМНА БАЗА** | **6** | - Да ги сфаќа основите на билансот на исхраната;<br>- да ја проценува структурата на стадото;<br>- да ги претвора животните во стандардни грла;<br>- да изработува годишни нормативи за исхрана на животните;<br>- да ја пресметува годишната количина на крмна база;<br>- да ги пресметува годишните потреби за храна. | - Презентирање на наставната содржина со користење на: табели, слајдови и графофолии;<br>- водење насочена дискусија;<br>- организирање вежби за планирање и пресметување на крмна база. | - Сточарско производство |

### 4.2. Наставни методи и активности на учење

Програмските содржини по предметот ***сточарско производство - изборна програма*** имаат теоретско-стручен карактер, но имаат и практично значење, поради што почесто треба да се реализираат преку демонстрации и вежби на практични операции и работни задачи. Поради тоа во наставниот процес е потребна примена на разновидни наставни методи. Така, покрај фронталните предавања потребно е почеста работа со учениците во групи, парови и индивидуално. Освен тоа, треба да се применуваат разновидни наставни методи, односно постапки: покажување, објаснување, опишување, предавање, дискусија, пребарување на Интернет, практична работа на учениците и сл.

Со успешната примена на наставните форми и методи треба да се обезбеди оптимално активно учество на учениците, поточно тие да прибележуваат, вежбаат, стекнатите знаења да ги применуваат во практиката, да ги следат и читаат новите достигнувања во светот од оваа област, да изработуваат домашни задачи и самостојно да се образуваат.

Во наставниот процес наставникот ја планира, организира и реализира својата воспитно-образовна работа, а преку усни излагања, објаснувања, демонстрирања, поставување на прашања, проверувања и оценувања на постигнувањата на учениците, тој ги остварува целите на овој предмет со што ги поттикнува учениците на когнитивно, психомоторно и афективно однесување.

### 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставата по предметот ***сточарско производство - изборна програма*** се остварува преку стручно-теоретски предавања кои ќе се реализираат во училница и кабинети. Покрај теоретските предавања почесто да се изведуваат вежби на практични операции и работни задачи во сточарските објекти на училишните економии или соодветните сточарски стопанства и во фабрики за сточна храна надвор од училиштето. Притоа, потребно е реализирањето на наставата да се остварува преку блок часови за вежби со учениците во групи, парови и индивидуално.

### 4.4. Наставни средства и помагала

Во наставниот процес треба да се користат разновидни средства и помагала: слики, цртежи, филмови и дијафилмови, телевизиски снимки, Интернет материјали, графоскоп, текст, колекција од крмива, материјал, продукти, хемиски средства, опрема и сл.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следењето и оценувањето на постигањата на учениците треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на учебната година. Тоа се остварува во соработка со сите ученици преку разновидни форми и постапки: усни проверки, писмени задачи, тестови, проверки на домашни задачи, оценување на практичните способности на учениците при вршење на вежбите, практичните операции и работните задачи, преку изготвување на реферати и други писмени извештаи, концепти и сл.

Во текот на учебната година знаењата на учениците се оценуваат најмалку со две оценки во текот на полугодието, а се утврдуваат и полугодишни и годишни оценки.

Доколку ученикот не постигне резултати во реализирањето на конкретните цели на програмата, се постапува согласно законската регулатива за средно образование.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по овој наставен предмет треба да поседува лични, професионални и педагошки карактеристики, да е психофизички здрав, да е комуникативен и отворен за соработка, да поседува високи етички вредности, да ги применува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да стекнал содоветно стручно образование, со и без работно искуство, да ја сака наставничката професија, да е добар организатор, креативен и способен за иновации во наставната технологија и постојано да се самообразува во струката и во педагошката област.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставната програма ***сточарско производство - изборна програма*** ја реализираат наставници со завршени студии по:

- ***земјоделство*** (сточарска и општа насока).

Наставниците треба да имаат педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит, согласно со Законот за средно образование.

### 6.3. Стандард за простор за наставниот предмет

Соодветно на карактерот на програмските содржини и целите што треба да се постигнат со наставата по ***сточарско производство - изборна програма*** треба да се реализира во училница, училница - работилница, кабинет и лабораторија, во сточарски и придружни објекти, како и во фабриките за сточна храна во пошироката локална средина.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка**: мај 2007 година

### 7.2. Состав на работната група

1. Бранко Алексовски, раководител, Центар за стручно образование и обука - Скопје
2. д-р Владимир Џабирски, професор, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје
3. Горан Митевски, наставник во ССОУ „Киро Бурназ” - Куманово
4. Али Алиу, У Ц „Моша Пијаде” - Тетово
5. Радојка Цветановска, ДООЕЛ „Млеко-Кооп” - Куманово

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2007 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***сточарско производство - изборна програма*** ја одобри министерот за образование и наука со решение број ***11-4631/24*** од ***21.06. 2007*** година.